ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ |
| Одговорно лице и контакт информации: | Александра Бакревска - Додовска<br><br>a.bakrevska@ia.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒ Друго – Усогласување со НАТО стандарди |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☐Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 25 Ноември 2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | -------------------- 2019 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со донесувањето на новиот закон на Агенција за разузнавање ќе се заокружат започнатите реформи во безбедносниот систем во Република Северна Македонија, како предуслов за влез на државата во НАТО. Со овој процес, државата се стекнува со посебни служби за надворешно разузнавање, за национална безедност, оперативно-техничка агенција и нивна меѓусебна координација, што подразбира јака безбедносно – разузнавачка заедница во полза на националната безбедност на државата и граѓаните.

Законот беше изготвен од работна група во рамките на Агенцијата за разузнавање.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Агенцијата за разузнавање е формирана како посебен орган на државна управа со законот донесен во 1995 г. Таа е единствена институција од областа на безбедноста, формирана со закон. Во меѓувреме беа донесени низа закони чии одредби не беа инкорпорирани во постојниот закон, пришто Агенцијата се соочи со проблемот на недостаток на дефинирање на одредени поими, начин, методи и средства за работа. Дополнително, настанаа промени и на безбедносното регионално и пошироко опкружување на Република Северна Македонија, што нужно се појави потреба од донесување нов закон заради реформирање на Агенцијата за разузнавање во ефикасна и модерна служба, подготвена да реагира на безбедносните предизвици во современиот свет.

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе предложениот Закон ќе има застој на реформите на безбедносниот систем на Република Северна Македонија, кои се еден од условите за влез на државата во НАТО, како и нефункционална и неефикасна служба, неподготвена да одговори на современите безбедносни предизвици.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Постои едно решение а тоа е да се донесе нов закон за Агенција за разузнавање.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Нема

*4.2 Фискални влијанија*

Нема

*4.3 Социјални влијанија*

Нема

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Нема

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

За спроведување на законот се потребни зголемување на финансиските средства во рамките на Буџетот на Агенцијата (плати).

*б)трошоци за почитување на регулативата*

5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлогот законот е доставен на разгледување до Министерство за правда, во својство на предлагач на законот, до Секретаријатот за законодавство, Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерство за информатичко општество и администрација, Агенција за национална безбедност (АНБ) и Оперативно – техничка агенција (ОТА).

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Постојниот закон за Агенција за разузнавање содржи 46 члена, разработени во пет глави.

Новиот предлог закон содржи 106 членови, разработени во 11 глави.

Намерата за донесување на новиот закон со повеќе членови е дека постојниот закон од 1995 г. не содржи одредби за надлежноста на Агенцијата со која се дефинира како служба за надворешно разузнавање, условите за именување на директор на Агенцијата, начинот на работење на Агенцијата, начин на вршење на меѓуинституционална и меѓународна соработка, упатување на работници на Агенцијата како претставнци во ДКП на РСМ, дипломатски мисии и организации во странство, внатрешната контрола, транспарентноста на Агенцијата, не беа целосно разработени одредбите кои се однесуваат на правата и обврските на работниците и одредбите за начинот за пензионирање.

Првата глава содржи општи одредби односно предмет на уредување на законот, каде што се дефинирани називот на главите од законот.

Втората глава содржи 6 члена, во кои се опфаќаат целта, надлежноста и раководењето на Агенцијата.

Трета глава содржи одредби за внатрешна организација на Агенцијата.
Четвртата глава содржи одредби за начелата на работата на Агенцијата.

Петтата глава содржи четири члена за начинот на работа на Агенцијата.

Шестата глава содржи два члена за евиденција на податоци и информации и нивно користење.

Седмата глава содржи три члена за внтрешна контрола и надзор над работата на Агенцијата.

Во осмата глава се содржани одредби за финансирање на Агенцијата.

Во деветта глава се уредува транспарентноста на работење на Агенцијата.

Десеттата глава содржи права и обврски на работниците на Агенцијата, со 82 члена.

Единаесетта глава содржи четири члена со кои се уредуваат преодните и завршни одредби на Агенцијата.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Донесувањето на новиот закон за Агенцијата не бара да се изврши измена или менување на други закони и подзаконски акти.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Рокот за донесување на подазаконските акти, што произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци по стапување во сила на законот.

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Датум: 25. 11. 2019

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска